РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец септември 2019

Октомври, 2019

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 5

Реализација на буџет ..... 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец септември 2019 година примени се 63 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 5 барања, објавени се 40 огласи, за вкупно 121 работни места за вкупно 125 извршители. За институциите од централната власт објавени се 27 јавни огласи за 89 работни места со 93 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 13 јавни огласи за 32 работни места со 32 извршители. На објавените огласи пријавени се 309 кандидати, од кои 234 кандидати на огласи за институциите од централна власт, а 75 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 63 | 5 | 40 | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | 27 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 13 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 121 | | 11 | 56 | 22 | 89 | | 1 | 21 | 10 | 32 |
| Извршители | | | 125 | | 11 | 59 | 23 | 93 | | 1 | 21 | 10 | 32 |
| Број на пријавени кандидати | | | 309 | | 3 | 198 | 33 | 234 | | 4 | 46 | 25 | 75 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 28 | 18 | 10 | 50 | 6 | 66 | 10 | 3 | 20 | 7 | 30 |

*Табела 1. Јавни огласи септември 2019*

Во истиот период септември 2019 година спроведени се 39 административни селекции за пријавени 1671 кандидати, спроведени се 31 испити на кои што се поканети 418 кандидати, од кои полагале 230 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 34 огласи за 272 кандидати. Интервју е спроведено на 34 огласи со вкупно 196 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 34 огласи и предлог за избор на 196 кандидати, а од 38 спроведени огласи објавени се вкупно 96 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 39 | 1671 | 31 | 418 | 230 | 34 | 272 | 34 | 196 | 34 | 196 | 38 | 96 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи септември 2019*

Во Агенцијата за администрација во месец септември 2019 година примени се 23 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 23 огласи, за вкупно 64 работни места за 68 извршители. За институциите од централната власт објавени се 11 интерни огласи за 39 работни места со 43 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 12 интерни огласи за 25 работни места со 25 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 23 | / | 23 | | 11 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 12 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 64 | | 11 | 8 | 20 | 39 | | 7 | 18 | / | 25 |
| Извршители | | | 68 | | 11 | 8 | 24 | 43 | | 7 | 18 | / | 25 |

*Табела 3. Интерни огласи септември 2019*

# Испит за административно управување

Во текот на месец септември 2019 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 84 кандидати. Од нив на испитот се појавија 45 кандидати од кои испитот го положиле 39 кандидати (87%), а не го положиле 6 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени, 63 се вработени во јавен сектор, 12 во приватен сектор, додека 9 од пријавените кандидати биле невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 84 | 45 | 39 | 6 | 63 | 12 | 9 |

*Табела 4. Административно управување септември 2019*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец септември 2019 година, беа поднесени 100 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 5 седници, обработи 79 жалби, од кои 74 жалби се од државни службеници и 5 жалби од јавни службеници.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени се 13, одбиени 54, отфрлени како недозволени 4, мериторно уважени 2 и за 1 жалба Комисијата се огласила за ненадлежна.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници одбиени се 3, отфрлена е 1 жалба како недозволена и Комисијата се огласила за ненадлежна за 1 жалба.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Ненадлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 94 | 6 | 74 | 5 | 13 | / | 54 | 3 | 4 | 1 | / | / | / | / | 1 | 1 | 2 | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во септември 2019*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец септември 2019 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 32 предмети од кои 10 се однесува на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 22 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, граѓани и други, и тоа: Државно правобранителство на Република Северна Македонија (5); Народен правобранител на Република Северна Македонија (1); Управен суд (1); Министерство за финансии (1); Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (1); Министерство за правда - Управа за водење на матичните книги (1); Агенција за вработување на Република Северна Македонија (1); Инспекциски совет (2); Државен управен инспекторат (1); Административни службеници (1); Адвокат (1); Граѓани (5) и Анонимно (1).

На 26 септември 2019 година во организација на Министерството за информатичко општество и администрација се одржа втора јавна расправа за измени на Законот за вработени во јавен сектор и Законот за административни службеници. Предложените измени на двата закона ги презентираше претставник од МИОА, додека на јавната расправа се обрати и директорот на Агенцијата за администрација, Спасе Глигоров, во однос на измените кои ќе се рефлектираат врз работата на Агенцијата.

Вработен од Агенцијата во текот на месец септември 2019 година присуствуваше на едукација за јавни набавки за лица кои се стекнале со потврда за положен испит одржана на 25 септември 2019 година, организирана од страна на Бирото за јавни набавки - Министерство за финансии.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се 30 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 25 е одговорено, а за 5 електронски пораки во тек е подготовката на одговорите или не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец септември 2019 година, донесени се 3 одлуки за јавни набавки и објавен е 1 оглас на Електронскиот систем за јавни набавки.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 3 | 1 | / | / |

*Табела 6. Јавни набавки септември 2019*

# Реализација на буџет

Во месец септември 2019 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2019 година | Реализација на буџетот до 30.09.2019 | Реализација на буџетот од 01.09.2019 – 30.09.2019 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 22.913.000,00 | 16.715.832,00 | 1.831.819,00 | 6.197.168,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.475.000,00 | 6.323.217,00 | 694.819,00 | 2.151.783,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 200.000,00 | 86.198,00 | 0 | 113.802,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.350.000,00 | 1.529.127,00 | 244.545,00 | 820.873,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 450.000,00 | 238.378,00 | 15.910,00 | 211.622,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.500.000,00 | 1.312.254,00 | 50.366,00 | 1.187.746,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.354.786,00 | 561.933,00 | 76.490,00 | 792.853,00 |
| **426-други тековни расходи** | 560.000,00 | 312.138,00 | 23.784,00 | 247.862,00 |
| **464-разни трансфери** | 15.000,00 | 15.000,00 | 0 | 0 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 30.214,00 | 30.214,00 | 0 | 0 |
| **480-купување на опрема и машини** | 500.000,00 | 314.566,00 | 0 | 185.434,00 |
| **483-купување на мебел** | 50.000,00 | 0 | 0 | 50.000,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 4.000.000,00 | 814.217,00 | 0 | 3.185.783,00 |
| ВКУПНО | **43.398.000,00** | **28.253.074,00** | **2.937.733,00** | **15.144.926,00** |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*